# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Предлагач: Градоначалник

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

Претставник: Сектор за финансиски прашања

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
# ЗА 2025 ГОДИНА



Скопје, март 2026 година

# Вовед

## 1.1 Основни податоци за Општина Кисела Вода

Општина Кисела Вода е посебна единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на општина Кисела Вода.

Општина Кисела Вода опфаќа површина од 46.86 км$^2$ и има 61.965 жители.

Седиштето на Општина Кисела Вода е на ул.Петар Дељан бр.17 Скопје.

Општина Кисела Вода има својство на правно лице, а своите надлежности ги извршува преку органи избрани непосредно од граѓаните кои ги вршат работите од локално значење што се функционално неделиви и подеднакво значајни за целото подрачје.

## Годишна сметка

### 2.1 Приходи на Општина Кисела Вода

Во вкупниот износ на приходи остварени во текот на 2025 година во Општина Кисела Вода најголемо учество заземаат даночните приходи од кои со најголем процент на наплатеност се данокот на имот, данок на промет на недвижности и даноци од специфични услуги меѓу кои е надоместокот за уредување на градежно земјиште.

| Опис на контото | планирано | остварено | % |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **929.807.276,00** | **642.175.043,00** | 69 |
| **71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **379.828.000,00** | **322.634.311,00** | 84,94 |
| **711 Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **45.000.000,00** | **53.870.983,00** | 119,71 |
| 711111 Данок на плати на вработени лица кај корисници на буџетот | 12.000.000,00 | 11.324.347,00 | |
| 711112 Данок на плати на вработени лица во трговски друштва | 30.000.000,00 | 40.242.959,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 711114 Данок на плати остварени во странство | 400.000,00 | 402.549,00 | |
| 711133 Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 2.000.000,00 | 1.212.255,00 | |
| 711139 Данок на доходи на прих од занает дејност според паушал | 500.000,00 | 688.873,00 | |
| 711140 Камата за ненаврем. плаќање на персон данок на доход | 100.000,00 | 0 | |
| **713 Даноци на имот** | **151.600.00,00** | **136.855.350,00** | 90,27 |
| 713111Данок на имот | 39.000.000,00 | 38.983.139,00 | |
| 713112 Повисока стапка на данокот на имот | 13.500.000,00 | 9.808.711,00 | |
| 713113 Данок на имот од правни лица | 20.000.000,00 | 10.866.207,00 | |
| 713211 Данок на наследство и подарок | 10.000.000,00 | 5.907.625,00 | |
| 713311 Данок на промет на недвижности и права | 44.500.000,00 | 47.082.121,00 | |
| 713312 Повисока стапка на дан.на пром.на недв.од најниската | 22.600.000,00 | 23.567.270,00 | |
| 713512 Камати на ненавр.плаќ.на данок на имот | 2.000.000,00 | 640.277,00 | |
| **717 Даноци на специфични услуги** | **183.028.000,00** | **131.872.344,00** | 72,05 |
| 717112 Комунална такса за истакнување фирма, реклама, односно назив на деловна просторија | 7.000.000,00 | 5..406,131,00 | |
| 717115 Комунална такса за корист.на улици што се плаќа при регистрација на возила | 4.000.000,00 | 3.539.005,00 | |
| 717116 Комунална такса за користење на јавно осветление | 50.000.000,00 | 56.053.582,00 | |
| 717131 Комун такса за користење на простор пред деловен простор | 500.000,00 | 44.202,00 | |
| 717134 Комунални такси за поставув. витрини за изложување стоки | 100.000,00 | 0 | |
| 717137 Надоместок на уредување на градежно земјиште | 120.428.000,00 | 66.288.467,00 | |
| 717138 Надоместоци од комунална дејност | 1.000.000,00 | 540.957,00 | |
| **718 Такси за користење или дозволи за вршење на дејност** | **200.000,00** | **35.634,00** | 17,82 |
| 718134 Надом. за управ. со отпад на општината односно градот | 200.000,00 | 35.634,00 | |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **6.300.000,00** | **2.889.489,00** | 45,86 |
| **722 Глоби, судски и административни такси** | **3.000.000,00** | **1.429.693,00** | 47,65 |
| 722315 Административ такси кои се плаќаат на списите и дејствијата кај органот на општината | 3.000.000,00 | 1.429.693,00 | |
| **723 Такси и надоместоци** | **300.000,00** | 0 | |
| 723112 Средства за екскурзии | 150.000,00 | 0 | |
| 723116 Надоместоци за оброци | 150.000,00 | 0 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **724 Други владини услуги** | **100.000,00** | **39.589,00** | 39,59 |
| 724125 Приходи од тендери | 100.000,00 | 39.589,00 | |
| **725 Други неданочни приходи** | **2.900.000,00** | **1.420.207,00** | 48,97 |
| 725939 Други неданочни приходи | 2.900.000,00 | 1.420.207,00 | |
| **73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **45.037.815,00** | **7.946.226,00** | 17,64 |
| **733 Продажба на земјиште и нематреријални вложувања** | **45.037.815,00** | **7.946.226,00** | 17,64 |
| 733111 Приходи од промет на недвижности на РМ за стекнување на права за користење на град.земјиште | 23.462.915,00 | 889.274,00 | |
| 733115 Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 1.000.000,00 | 205.238,00 | |
| 733119 Надоместок за концесии за експл.на минер.суровини (по основ на простор) | 574.900,00 | 209.495,00 | |
| 733120 Надоместок за концесии за експл.на минер.суровини (минерална суровина) | 5.000.000,00 | 3.314.696,00 | |
| 733144 Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 15.000.000,00 | 3.327.523,00 | |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **498.641.461,00** | **308.705.017,00** | 61,91 |
| **741 Трансфери од други нивоа на власт** | **498.641.461,00** | **308.705.017,00** | 61,91 |
| 741111 Тековни трансф од други нивоа на власт | 5.190.503,00 | 616.000,00 | |
| 741112 Трансфери од буџет на републиката | | 19.354.221,00 | |
| 741113 Трансфери од буџетите на фондовите | 5.272.000,00 | 5.271.413,00 | |
| 741114 Пренесен вишок на приходи од претх.год | 227.957.394,00 | 138.517.706,00 | |
| 741115 Дотации на општината од прих од ДДВ | 34.595.416,00 | 34.595.415,00 | |
| 741211 Капитални трансфери од други нивоа на власт | 225.626.148,00 | 110.350.262,00 | |

Реализираните приходи во текот на 2025 година се во висина од 642,1 милиони денари (503,6 милиони денари од тековната 2025 година и 138,5 милиони денари како салдо пренесено од 2024година) или истите споредени со планираните приходи во 2025 година изразено во проценти изнесува 69,06 %.

## 2.2 Вкупни приходи-консолидиран Буџет

Во консолидираниот Буџет на Општина Кисела Вода од планираните приходи во висина од 1.644.395.558,00 денари остварени се приходи во износ од 1.211.406.295,00 денари со вклучен пренесен вишок од 2024 година, односно споредени со планираните приходи за 2025 година остварени се 73,67%.

Во структурата на реализираните приходи основниот Буџет на Општина Кисела Вода учествува со 47% (575,3 мил.денари), дотациите со 48% (586 мил.денари), самофинансирачките активности со 4% (46 мил.денари) донациите со 1% (3,7 мил.денари).)

# 3. Преглед на расходи

## 3.1 Преглед на расходи на Буџет -Општина Кисела Вода

Расходите на Општина Кисела Вода се планирани согласно програмите за работа за 2025 година засновани врз база на приоритетите при нивната реализација. Од планираните приходи во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година во висина од 929.807.276,00 денари, за планираните намени реализирани се расходи во висина од 575.381.790,00 денари. Разликата помеѓу остварените приходи и реализираните расходи претставуваат салдо од сметките пренесено во 2025 година во износ од 66.793.253,00 денари. Структурата на расходите во Општина Кисела Вода во 2025 година е преставена во следната табела:

| Опис на контото | | | | планирано | реализирано | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | **Плати наемнини и надоместоци** | | | **123.577.830,00** | **120.246.169,00** | 97,3 |
| | 401 | | **Основни плати и надоместоци** | 80.737.830,00 | 78.351.030,00 | 97 |
| | 402 | | **Придонеси за социјално осигурување од работодавачите** | 30.884.000,00 | 30.177.210,00 | 97,7 |
| | 404 | | **Надоместоци** | 11.956.000,00 | 11.717.929,00 | 98 |
| 41 | **Резерви и недефинирани расходи** | | | **5.700.000,00** | **4.329.767,00** | 76 |
| | 412 | | **Постојана резерва (непредв. расходи)** | 3.400.000,00 | 2.044.211,00 | 60,1 |
| | 413 | | **Тековни резерви (разновидни расходи)** | 2.300.000,00 | 2.285.556,00 | 99,4 |
| 42 | **Стоки и услуги** | | | **212.292.417,00** | **166.784.558,00** | 78,6 |
| | 420 | | **Патни и дневни расходи** | 0 | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 421 | | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 48.430.000,00 | 41.347.934,00 | 85,4 |
| | 423 | | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 11.323.000,00 | 4.468.107,00 | 39,5 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | 34.256.000,00 | 23.752.036,00 | 69,3 |
| | 425 | | Договорни услуги | 33.870.503,00 | 22.613.576,00 | 66,8 |
| | 426 | | Други тековни расходи | 23.412.914,00 | 15.232.819,00 | 65 |
| | 427 | | Привремени вработувања | 61.000.000,00 | 59.370.086,00 | 97,3 |
| 45 | Каматни плаќања | | | **2.809.000,00** | **2.808.320,00** | 99,9 |
| | 452 | | Каматни плаќања | 2.809.000,00 | 2.808320,00 | 99,9 |
| 46 | Субвенции и трансфери | | | **54.790.000,00** | **36.437.259,00** | **66,5** |
| | 461 Субвенции и трансфери | | | **9.350.000,00** | **9.307.966,00** | 99,5 |
| | 463 | | Трансфери до невладини организации | 7.350.000,00 | 1.434.500,00 | 19,5 |
| | 464 | | Разни трансфери | 38.090.000,00 | 25.694.793,00 | 67,4 |
| 48 | Капитални расходи | | | **517.698.029,00** | **231.845.001,00** | 44,8 |
| | 480 | | Купување на опрема и машини | 33.002.000,00 | 23.421.247,00 | 71 |
| | 481 | | Градежни објекти | 19.693.211,00 | 17.204.960,00 | 87,4 |
| | 482 | | Други градежни објекти | 461.702.818,00 | 189.704.752,00 | 41 |
| | 483 | | Купување мебел, опрема, возила и маши | **0,00** | **0,00** | 0,0 |
| | 485 | | Други нефинансиски средства | **3.300.000,00** | **1.514.042,00** | 45,9 |
| | 486 | | Купување на возила | **0,00** | **0,00** | |
| 49 | | | Отплата на главница | **12.940.000,00** | **12.930.716,00** | 99,9 |
| | 492 | | Отплата на главница кон дом инстутиции | 12.940.000,00 | 12.930.716,00 | 99,9 |
| Вкупно | | | | **929.807.276,00** | **575.381.790,00** | **61,9** |

Во 2025 година реализацијата на расходите на буџетот изнесува 575.381.790,00 денари. Во структурата на реализираните расходи на Општина Кисела Вода, капиталните расходи учествуваат со 231.845.001,00 денари или процентуално со 40,3%, додека тековно оперативните расходи изнесуваат 343.536.789,00 денари или изразено во проценти 59,7%.

Посебниот дел на завршната сметка се состои од програми кои се усвоени од Советот на Општина Кисела Вода и според нив е изработен Буџетот за 2025 год. Во секоја програма се внесени планираните средства, целокупната реализација за соодветните активности во 2025 година и процентот на реализација и истите се дадени во наредната табела:

## Планирани и реализирани расходи по одделни програми во 2025 година

| ПРОГРАМА | Планирано 2025 | Реализирано 2025 | % |
|---|---|---|---|
| **А0** | **12.521.000,00** | **11.079.090,00** | 88,5 |
| **А1** | **130.000,00** | **130.000,00** | 100 |
| **Д0** | **6.390.000,00** | **6.141.463,00** | 96,1 |
| **Д1** | **23.650.000,00** | **17.924.573,00** | 75,8 |
| **Е0** | **206.754.744,00** | **190.757.714,00** | 92,2 |
| **ЕА** | **22.123.211,00** | **17.632.217,00** | 79,7 |
| **Ф1** | **3.140.503,00** | **1.023.345,00** | 32,6 |
| **Ф2** | **2.500.000,00** | **0** | 0 |
| **ФА** | **2.000.000,00** | **1.116.025,00** | 55,8 |
| **Г1** | **7.056.000,00** | **1.173.265,00** | 16,6 |
| **ГА** | **100.000,00** | | |
| **ГД** | **4.350.000,00** | **3.242.440** | 74,5 |
| **Надлежност Ј** | **388.290.645,00** | **210.038.036,00** | 54 |
| **Ј0** | 6.100.000,00 | 3.300.000,00 | 54,1 |
| **Ј3** | 39.100.000,00 | 31.019.959,00 | 79,3 |
| **Ј4** | 14.900.000,00 | 12.701.039,00 | 85,2 |
| **Ј6** | 4.000.000,00 | 2.847.174,00 | 71,1 |
| **Ј8** | 2.900.000,00 | 1.529.121,00 | 52,7 |
| **ЈА** | 2.123.471,00 | | |
| **ЈГ** | 7.100.000,00 | 6.555.789,00 | 92,3 |
| **ЈД** | 248.488.203,00 | 116.014.147,00 | 46,7 |
| **ЈЕ** | 9.400.000,00 | | |
| **ЈИ** | 19.178.971,00 | 12.053.335,00 | 62,9 |
| **ЈН** | 31.400.000,00 | 23.332.257,00 | 74,3 |
| **ЈФ** | 3.300.000,00 | 625.465,00 | 19 |
| **ЈК** | 300.000,00 | 59.750,00 | 19,9 |
| **К4** | **14.384.000,00** | **12.270.415,00** | 85,3 |
| **КА** | **472.000,00** | **291.111,00** | 61,70 |
| **Л0** | **17.550.000,00** | **11.288.714,00** | 64,32 |
| **Н1** | **16.330.000,00** | **7.443.296,00** | 45,6 |
| **НА** | **113.762.173,00** | **26.265.991,00** | 23 |
| **Р1** | **1.200.000,00** | **1.000.000,00** | 83,3 |
| **РА** | **15.800.000,00** | **8.808.091,00** | 55,8 |
| **В1** | **33.303.000,00** | **31.902.065,00** | 95,8 |
| **ВА** | **37.800.000,00** | **15.848.383,00** | 42 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Џ1** | **210.000,00** | **5.556,00** | 2,6 |
| **Вкупно** | **929.807.276,00** | **575.381.790,00** | **61,9** |

## 3.2 Преглед на вкупните расходи-консолидиран Буџет

Во консолидираниот Буџет на Општина Кисела Вода од планираниот Буџет во висина од 1.644.395.558,00 денари реализирани се расходи во износ од 1.210.287.428,00 денари односно споредени со планираните приходи за 2025 година остварени се 73,6%.

Во структурата на реализираните расходи, основниот Буџет на Општина Кисела Вода учествува со 47,5% (575,3 мил.денари), блок дотациите со 48,4% (586 мил. денари), самофинансирачките активности со 3,9% (46,2 мил.денари) донациите со0,2% ( 2,6 мил.денари).

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАДЛЕЖНОСТ J-КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
ЗА 2025 ГОДИНА

Во рамките на **надлежноста Ј- Комунални дејности** се програмите :

**Програма Ј30** – Изградба на јавно осветлување се однесува на одржување и изградба на ново осветлување како што е замена на прегорени сијалици, замена на оштетени кабли, замена на делови од уличното осветлување, поставување на ново осветлување на спортски терени и паркови и други.

**Програма ЈД0** – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици се однесуваат на реконструкција и изградба на локални патишта во рурални и урбани средини во општината како што се улица Христо Татарчев крак 1, крак 9А и крак 11, Марко Орешкович, Илија Ристовски ,крак од Д.Х. Димов ,Градинар, Вера Јоциќ ,Неврокопска, Аџево ,Сердарот,Пинтија прекоп.

**Програма ЈЕ0** – Изградба на простор за паркирање се однесуваат на изградба на улици, тротоари, патеки и паркинзи во општината како што се: улици од павер во населба Градинар и кај канал,АБ скали и сквер од павер-крст Драчево, паркинг Драчево, парк Драчево, спомен парк Шандор Петефи – Драчево, паркинг центар Драчево, игралиште Припор, игралиште спроти Општина Кисела Вода, пат – улица Мариовска кон Сопиште, улица пред село Усје, влез градинка Драчево, улица Сава Ковачевиќ, тротоари градинка кај Дуња, павер кај Дупки – Драчево, поплочување спроти Општина Кисела Вода, улица Порупи, улица Оксиген – Драчево, игралиште 11 Октомври, улица Саса 18 - Пинтија, улица 22 - Усје.

**Програма ЈФ0** – Изградба на сообраќајна сигнализација се однесува на обнова на постоечките сообраќајни знаци кои се оштетени, каде недостасуваат и поставување на нови , обележување – обнова на пешачки премини пред основни и средни училишта и градинки,  улици кои се под надлежност на Општина Кисела Вода, обележување на паркинг простори.

**Програма ЈИ0** -  Изградба на состеми за одведување и пречистување на отпадни води - изградба и реконструкција на **фекална канализација** како што е:реконструкција на фекална и атмосферска канализација на ул.Киро Фетак, приклучок на фекална канализација на објектот затворен базен во ООУ „Невена Ѓорѓиева Дуња“, поставување на коловозен сливник на ул.Петар Дељан во близина на градинката „Синоличка“ – ЈДГ Весели Цветови, санација на приклучокот на фекална канализација на ул.Саса 2, санација на ревизиона шахта и решетка на ул. Речиште с. Драчево,приклучок на фекална канализација во градинка Кокиче во населба 11 Октомври ( тврда Градба ), замена на железни решетки и набавка и вградување на железни решетки од гус на ул. Мариовска  нас. Пржино, изработка на железна решетка од 18мм  на растојание од 10 см за испуст од „L„ профил 30х30х5 на ул. Партизански пат с. Драчево, изведба на фекална канализација на улица Герника 8 нас. Драчево.

**Програма ЈГ0** - Изградба на системи за водоснабдување како што се: приклучок на водоводна мрежа на објектот затворен базен во ООУ „Невена Ѓорѓиева Дуња, монтажа на водоводна огрлица и шахта со водомер во парк Дупки  и реконструкција на водомерна шахта искршена плоча, изведба на водоводни приклучоци за индивидуални стамбени објекти Речиште 2 крак 1 и 2, дислокација на водоводна мрежа на детска градинка 8 Март Кисела Вода, изведба на приклучок градинка Кокиче  ЈДГ Весели Цветови,продолжување на приклучоци на водоводна мрежа на ул. Речиште 2 во село Драчево, изведба на водоводен приклучок на водоводна мрежа на ул. Речиште 2 крак 3 с.Драчево -Приклучок на водоводна мрежа во градинка во Подстаница с. Драчево,отстранување на дефект на ул. Речиште, преспојувањата на водоводните приклучоци од старата на новата мрежа во водомерните шахти за Речиште-2, Крак-1 и Крак-2 с.Драчево.

**Програма Ј40** – Јавна чистота  - месни заедници

**Програма ЈО0** – Капитални расходи за одржување на урбана опрема се однесува за реконструкција и санација на фонтани и чешми за пиење вода  и  во неа се опфатени - реконструкција на фонтани во парк Срце , фонтана Македонија, фонтана Шопен, фонтана парк Бранители и чешми на територија на Општина Кисела .

**Програма ЈН0** – Капитални расходи за урбана опрема се однесува на изградба на урбана опрема, подлоги и детско игралиште во: Унгарски парк, Припор подрачно, ОУ Пржино – Славија, Покрсти, плато кај Тодор Александров споменик, парк 11 Октомври, игралиште Расадник, С.Ц Дупки, игралиште парк Феникс, парк Градинар, парк Срце, спортски терен Кирил Пејчиновиќ, спортска трибина позади Кам и Н.Г.Дуња, поставување на вештачка

трева парк Срце, Шопен , Усје парк, челични елементи за урбана опрема Расадник, парк кај слепи, детски реквизити.

Во рамките за **надлежноста Р** – Заштита на животна средина и природа , **подпрограма РА и Р10** – Капитални расходи за заштита на животна средина и природа

**Подпрограма Р10** - се однесува на поставување на мерни станици за мерење на амбиеталниот воздух број 2 од која едната ќе биде поставена во парк Бранители кај крстот, а другата дополнително ќе биде утврдена локацијата во координација со Град Скопје и одржување на истите.

**Подпрограма РА** – се однесува на реконструкција и изградба на зеленило и паркови, хортикултурно уредување на парк на Унгарци , парк Подстаница парк Оксиген, парк на шахот, парк Бирарија 2, парк Пинтија, парк Дупки, парк 11 Октомври, парк Расадник, парк Пушкин и други зелени површини на територија на Општина Кисела Вода,

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА
Г1 - ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ СО
ПОТПРОГРАМА ГД0 – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ
НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА

1. **<u>Реализиран е Проектот "Општинско - корисна работа" во соработка со УНДП 2025</u>**

Целта на овој проект беше да се овозможи работно ангажирање, на невработени лица од областа на образованието, социјалната заштита и заштита на деца, на определено време, согласно условите дефинирани од страна на УНДП и Агенцијата за вработување, како носители на проектот. Општина Кисела Вода во преку овој проект работно ангажираше 14 лица во период од 9 месеци: 12 лица - негуватели на стари лица; 1 лице - кординатор за стари лица; 1 лице - фасилитатори за унапредување на социјалните услуги на локално ниво за лица со попреченост.

2. **<u>Кофинансирање од страна на општината за набавка на печки на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода</u>**

Согласно Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање на печки на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода и повикот објавен согласно истиот, општината во текот на 2025 година кофинансираше во набавка на 29 печки на пелети за домаќинствата кои ги исполнија условите предвидени по основ на јавниот повик.

3. **Кофинансирање за набавка на пелети како огрев за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода**

Согласно Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање на пелети како огрев за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода и повикот објавен согласно истиот, општината во текот на 2025 година кофинансираше во набавка на пелети за 361 домаќинствата кои ги исполнија условите предвидени по основ на јавниот повик.

4. **Кофинансирање за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради на територија на општина Кисела Вода**

Согласно Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради на територија на општина Кисела Вода и повикот објавен согласно истиот, општината во текот на 2025 година кофинансираше во набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади за 1 станбена зграда која ги исполни условите предвидени по основ на јавниот повик.

5. **Енергетска обнова на ПОУ „Рајко Жинзифов", населба Пинтија**

Проект реконструкција и спроведување на мерки за енергетска ефикасност на ПОУ „Рајко Жинзифов" населба Пинтија - Општина Кисела Вода, во тек е постапка за избор на изведувач. Реализацијата на проектот е преку добиен гранд од Светска банка.

6. **Поставени фотоволтаици на седум основните училишта во Општина Кисела Вода.**

Општина во која сите основни училишта располагаат со сопствени фотоволтаични системи поставени преку Проектот „Инвестиција во фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човекова околина" реализирани преку Програмата за развој на планските региони. Инвеститор е Владата на Република Македонија преку Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, а имплементатор е Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

7. **Прочистувачи за воздух**

Поставени прочистувачи за воздух во ООУ„Невена Георгиева Дуња"; ООУ„Кузман Јосифовски Питу„ и во четири објекти во ЈДГ „8 Март" и четири објекти во ЈДГ„Весели Цветови". Донација од Владата на Република Македонија.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕКТОРОТ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Во делот на изработката, одобрувањето и донесувањето на урбанистичко планска документација во текот на 2025 година беа реализирани следните активности :

## 1. Детални урбанистички планови (постапки 2016 - 2020)

| Бр. | Постапка | Наслов | Статус | Планер | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 21934 | ДУП - Ј 08.02 | Одговорно лице (конечен предлог) | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 2 | 22977 | ДУП - Ј 10.03 | Кај планер (изр. на конечен п.п.) | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 3 | 23439 | ДУП - Ј 08.14 | Кај комисија (мислење за п.п.) | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 4 | 23447 | ДУП - Ј 08.15 | Кај одг. лице (согласност МТВ) | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 5 | 23449 | ДУП - Ј 10.07 | Кај планер (изр. на конечен п.п.) | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 6 | 25223 | ДУП - Ј 10.01 | Кај градоначалник (пред совет ) | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 7 | 25691 | ДУП - Ј 12.08 | Кај планер (изр. на конечен п.п.) | ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 8 | 25692 | ДУП - Ј 08.11 | Кај комисија (конечен п.п.) | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 9 | 25694 | ДУП - Ј 20.01 | Јавна презен. / јавна анкета | ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 10 | 26903 | ДУП - Ј 17.07 | Кај комисија (стр. мисл. за п.п.) | ИН-ПУМА ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 11 | 26904 | ДУП - Ј 19.04 | Кај комисија (корегиран п.п.) | ИН-ПУМА ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 12 | 28011 | ДУП - Ј 11 | Кај комисија (изв. од ЈП и ЈА) | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 13 | 28013 | ДУП - Ј 13.01 и 13.02 | Кај комисија (корегиран п.п.) | ИН-ПУМА ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 14 | 28015 | ДУП - Ј 10.05 | Кај планер (корекција на п.п.) | ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 15 | 31446 | ДУП - Ј 20.08 | Кај планер (изр. на конечен п.п.) | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 16 | 31448 | ДУП - Ј 12.19 | Кај комисија (изв. од ЈП и ЈА) | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 17 | 31796 | ДУП - Ј 20.03 | Јавна презен. / јавна анкета | НИМАЕР ДООЕЛ Струга | Приватна иницијатива |
| 18 | 31920 | ДУП - Ј 15.04 | Кај планер (корекција на п.п.) | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | 31956 | ДУП - И 07.02 | Кај комисија (корегиран п.п.) | ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 20 | 31957 | ДУП - Ј 20.07 | Кај планер (израб. на конечен п.п.) | ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 21 | 31959 | ДУП - Ј 17.06 | Кај одг. лице (мислење п.п.) | ИН-ПУМА ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 22 | 31967 | ДУП - Ј 10.04 | Кај одг. лице (мислење п.п.) | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |
| 23 | 32178 | ДУП - Ј 17.08 | Кај планер (изработка на п.п.) | УРБАН - Штип | Приватна иницијатива |
| 24 | 32273 | ДУП - Ј 16 | Кај комисија (корегиран п.п) | ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 25 | 33671 | ДУП - Ј 12.02 | Кај комисија (конечен п.п.) | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | Приватна иницијатива |

## 2. Детални урбанистички планови (постапки 2020-2025)

| Бр. | Постапка | Наслов | Статус | Планер | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 38135 | ДУП - Ј 10.02 | Кај планер (работна верзија) | ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 2 | 38140 | ДУП - Ј 08.17 | Кај институции за мислење | ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје | Приватна иницијатива |
| 3 | 46963 | ДУП - Ј 20.09 | Кај нституции за мислење | УРБАН-ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп | Приватна иницијатива |
| 4 | 58405 | ДУП - Ј 18.13 | Одговорно лице | ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје | Приватна иницијатива |

## 3. Урбанистички планови за село

| Бр. | Постапка | Наслов | Статус | Планер | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 25154 | УПС - Драчево | Кај одг. лице (документи) | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | / |
| 2 | 37632 | УПС - Усје | Кај комисија (корегиран п.п.) | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |

## 4. Урбанистички проекти

| Бр. | Постапка | Наслов | Статус | Планер | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 35399 | УП за инфраструктура, фекална канализација, Градинар, УПЧ ЈИ08 | Кај општини и институции за мислење | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 2 | 35377 | УП за инфраструктура, фекална канализација, Градинар, УПЧ Ј16 | Кај комисија за урбанизам | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 3 | 32898 | УП за формирање на ГП за објект со намена Е2.1 – бензинска | Кај општини и институции за мислење | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | / |

## 5. Урбанистички проекти (член 58.2)

| Бр. | Постапка | Наслов | Статус | Планер | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 73171 | УП за инфра. за 35kV средснонапонски ел. вод 400/110 kV | Кај одг. лице (дефинирање комисија) | ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје | / |
| 2 | 71480 | УП за формирање на ГП со намена Г2 на КП 9944/2 и КП 9944/6 | Кај одг. лице (преклопување на подлоги) | ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје | / |
| 3 | 71246 | УП за инфра. за дел од ул. Првомајска 1 во ДУП Реон Ј 13 | Кај комисија за урбанизам (мислење) | ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово | / |
| 4 | 67149 | УП за формирање ГП со намена А1 на КП 5436/1, село Усје | Кај планер (корекција на УП) | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | / |
| 5 | 64381 | УП за намена А1.2 на ГП 2.05 од ДУП Ј08, КП 220 | Кај планер (корекција на УП) | ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје | / |
| 6 | 64378 | УП за намена А1.2, ГП 2.06 во ДУП Ј08 | Кај планер (корекција на УП) | ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје | / |
| 7 | 64272 | УП за формирање на Г.П.1, со намена А1, во с.Драчево | Кај планер (корекција на УП) | НИМАЕР ДООЕЛ Струга | / |
| 8 | 63383 | УП за формирање на Г.П.1, со намена Г2 во село Драчево | Кај планер (корекција на УП) | НИМАЕР ДООЕЛ Струга | / |
| 9 | 63335 | УП за формирање на ГП, со намена Г2.4 во село Драчево | Кај Градоначалник (решение за одобрување) | ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ Битола | / |
| 10 | 50630 | Г2.1 на КП 7544/1 и дел од КП 7604, КО Драчево 2 (Општ Акт Драчево) | Кај одг. лице (известување за преклопување) | ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје | / |
| 11 | 49116 | Г2 на дел од КП 9441/1, 9441/3, 9441/4 и 9441/5 (Општ Акт Драчево) | Кај одг. лице (известување за преклопување) | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | / |
| 12 | 45646 | За формирање на ГП 3.14, намена Г3, ДУП дел од МЗ 11 Октомври | Кај Градоначалник (решение за одобрување) | ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ | / |
| 13 | 43999 | Е2.1 бензинска на КП 7538, 7540, 7539, 7543/3, 7543/1 и 7543/2 | Кај комисија (мислење) | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | / |
| 14 | 43213 | Г2 за формирање на ГП.1.2 на дел од КП 94441/1 (село Драчево) | Кај комисија (мислење) | НИМАЕР ДООЕЛ Струга | / |

## 6. Урбанистички проекти (член 58.6)

| Бр. | Постапка | Наслов | Статус | Планер | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 72452 | УП со намена А4.2 – Мотели, на КП 544/1 | Кај одг. лице (на јавен увид) | ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје | / |

## 7. Урбанистички проекти (член 63)

| Бр. | Постапка | Наслов | Статус | Планер | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 74667 | УП за ГП 13.1.1 намена А2.1 од ДУП - Ј13 | завршен | ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје | / |
| 2 | 74352 | УП за ГП 8.24, намена А1, од ДУП - Ј 20.01 | Кај комисија (мислење за ПП) | УРБАН ПРОЕКТИНГ | / |
| 3 | 73982 | УП за ГП 17.02 и ГП 17.03, ДУП - Ј 08 | Кај комисија (мислење за ПП) | ОМНИА ПРОЕКТ ДОО Битола | / |
| 4 | 72698 | УП за ГП 2.3 од ДУП - Ј10 | Кај планер (корекција на ПП) | СТУДИО ГЕРМАН ДООЕЛ Охрид | / |
| 5 | 72334 | УП за ГП 2.35 и ГП 2.38 од ДУП - Ј20.07 | Кај одг. лице | ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје | / |
| 6 | 72069 | УП за ГП 5.03 намена А1 од ДУП Ј20.01 | Кај планер (корекција на УП) | ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ | / |
| 7 | 69953 | УП за ГП 18.06 и ГП 18.07 од ДУП - Ј08 | Кај планер (корекција на ПП) | УРБАН-ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп | / |
| 8 | 69447 | УП за ГП 10.30; 10.24; 10.33 од ДУП н.Драчево | Кај одг. лице | ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје | / |
| 9 | 69191 | УП за ГП 1.8, од ДУП Стакларница-Пинтија | Кај одг. лице | ИНГРА ДООЕЛ Скопје | / |
| 10 | 69078 | УП за ГП 7.98 од ДУП реон Ј, Четврт Ј10 | завршен | ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје | / |
| 11 | 67417 | УП за ГП 13.2.4-5 од ГП 13.2.4 и 13.2.5, ДУП Ј 13 | Кај планер (корекција на ПП) | ТАЈФА АРХИТЕКТИ | / |
| 12 | 66908 | УП за ГП 45.1, ДУП Драчево, М371 | Кај планер (корекција на ПП) | ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје | / |
| 13 | 65586 | УП за ГП 1.27 и 1.28, намена А2 од ДУП Ј08 | Кај одг. лице | АКВА-ИНГ ДОО Штип | / |
| 14 | 60493 | УП за ГП 12.01 намена А2, согласно ДУП Ј 08 | Кај планер (корекција на ПП) | Томе ДООЕЛ Битола | / |
| 15 | 59812 | УП за ГП 18.291 и 18.29 од ДУП нас. Црниче 2 | Кај комисија (мислење за ПП) | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 16 | 57645 | УП за ГП 12.10 од ДУП Стакларница | Кај одг. лице | ЧИП ГРОУП ДООЕЛ Скопје | / |
| 17 | 56952 | УП за ГП 2.46, 2.46а, и 2.46в, ДУП Пржино | прекинат | ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ | / |
| 18 | 54894 | УП за ГП 1.9, 1.10 и 1.11, Г2 од ДУП КВ МЗ 70 | Кај комисија (мислење за ПП) | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | / |
| 19 | 48206 | УП за ГП 17.43 и 17.431 од ДУП Црниче 2 | Кај совет | ТАЈФА АРХИТЕКТИ | / |
| 20 | 44853 | УП за ГП 4.19 од ДУП Ј 20.01 | Кај совет | УРБАН-ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | 44169 | УП за ГП 8.04 од ДУП Ј 20.01 | Кај планер (корекција на ПП) | ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје | / |
| 22 | 41195 | УП за формирање на ГП.1.1 со намена Г2 | Кај планер (корекција на ПП) | НИМАЕР ДООЕЛ Струга | / |
| 23 | 40451 | УП на ДУП Црниче 2 за дел од Блок 15 (ГП 15.40) | Кај планер (корекција на ПП) | УРБАН ПРОЕКТИНГ Велес | / |

## 8. Технички исправки (2016 - 2020)

| Бр. | Постапка | Наслов | Статус | Планер | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 22593 | Предлог за ТИ за ГП 7.31 од ДУП - Ј10 | Кај одг. лице | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 2 | 22306 | Предлог за ТИ за ГП 1.07 од ДУП - Ј08 | Кај одг. лице | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 3 | 22107 | Предлог за ТИ за ГП 7.40 од ДУП - Ј10 | Кај одг. лице | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 4 | 21991 | Предлог за ТИ за ГП 1.07 од ДУП - Ј08 | Кај МТВ - согласност | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 5 | 19375 | Предлог за ТИ за ГП 7.80 од ДУП - Ј10 | Кај одг. лице | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 6 | 18434 | Предлог за ТИ за ГП 5.48 од ДУП - Ј10 | Кај одг. лице | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 7 | 18428 | Предлог за ТИ за ГП 1.30 од ДУП - Ј10 | Кај одг. лице | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |

## 9. Технички исправки (2020 - 2025)

| Бр. | Постапка | Наслов | Статус | Планер | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 65607 | Предлог за ТИ за ГП 5.36 од ДУП Ј10 | Кај совет | ИН-ПУМА ДОО Скопје | Одбиено од комисија |
| 2 | 58122 | Предлог ТИ на ГП 1.3 од ДУП "Расадник" | Кај совет | БИЛД ДООЕЛ Скопје | / |
| 3 | 49544 | Предлог за ТИ за ГП 2.26 од ДУП Ј 20.07 | Кај одг. лице | БИЛД ДООЕЛ Скопје | / |
| 4 | 48628 | Предлог за ТИ за ГП 10.13 од ДУП Стакларн. | Кај одг. лице | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 5 | 47961 | Предлог за ТИ за ГП 12.8 од ДУП Ј 20.07 | Кај одг. лице | БИЛД ДООЕЛ Скопје | / |
| 6 | 47466 | Предлог за ТИ за ГП 3.40 од ДУП Ј10 | Кај одг. лице | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 7 | 47389 | Предлог за ТИ за ГП 10.4 од ДУП Ј 20.07 | Кај совет | БИЛД ДООЕЛ Скопје | / |
| 8 | 45365 | Предлог за ТИ за ГП 4.8 од ДУП Ј10 | Кај совет | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |
| 9 | 44278 | Предлог за ТИ од ДУП Ј10 Блок 5 | Кај совет | ИН-ПУМА ДОО Скопје | / |

## 10. Технички исправки (иницијативи)

**ДУП Реон Ј, Четврт Ј10**

- Иницијатива бр. 13-11627/1 од 12.12.2022 за ГП 3.11
- Иницијатива бр. 13-1657/1 од 26.01.2022 за ГП 7.35
- Иницијатива бр. 13-1200/1 од 07.02.2024 за ГП 7.35
- Иницијатива бр. 13-5571/1 од 17.06.2024 за ГП 5.37
- Иницијатива бр.13-2939/1 од 24.03.2025 за ГП 3.14
- Иницијатива бр. 13-10528/1 од 21.11.2024 за ГП 5.10
- Иницијатива бр.13-11619/1 од 23.12.2024 за цел ДУП

**ДУП Населба 11-ти Октомври МЗ 65 (тврда градба), Блок 2**

- Иницијатива бр. 13-11627/1 од 12.12.2022 за ГП
- Иницијатива бр. 13-9856/1 од 14.11.2023 за ГП 1.19

**ДУП Реон Ј, Четврт Ј13**

- Иницијатива бр.13-1339/1 од 12.02.2021 за ГП 13.4.30
- Иницијатива бр.13-3486/1 од 24.04.2023 за ГП 13.7.45
- Иницијатива бр.13-5455/1 од 22.06.2023 за ГП 13.8.62

**ДУП "11 Октомври 2 ", МЗ 73 и дел од МЗ 70**

- Иницијатива бр.13-63503/1 од 05.04.2024 за ГП
- Иницијатива бр.13-6546/1 од 12.07.2024 за ГП 20.16
- Иницијатива бр.13-10142/1 од 12.11.2024 за ГП 17.5

**ДУП на дел од МЗ "11 Октомври 2" (југоисточна инд. зона), УБ А (бул.СРБИЈА)**

- Иницијатива бр.13-5513/1 од 04.06.2025 за ГП 5.73

**ДУП нас. Драчево МЗ 71 - Источен Дел А**

- Иницијатива бр.13-3303/1 од 01.04.2022 за КП 9001
- Иницијатива бр.13-3744/1 од 16.04.2024 за КП 7306

**ДУП нас. Драчево МЗ 71 - Источен Дел Б**

- Иницијатива бр.13-5898/1 од 16.06.2022 за ГП 27.36
- Иницијатива бр.13-7725/1 од 19.08.2022 за КП 10534
- Иницијатива бр.13-580/1 од 23.01.2023 за ГП 19.26
- Иницијатива бр.13-1669/1 од 23.02.2023 за ГП 27.36
- Иницијатива бр.13-2057/1 од 09.03.2023 за ГП 39.3
- Иницијатива бр.13-5469/1 од 12.06.2024 за ГП 20.4
- Иницијатива бр.13-2292/1 од 05.03.2024 за ГП 25.15
- Иницијатива бр.13-133534/1 од 09.04.2025 за ГП 29.12

**ДУП нас. Драчево МЗ 71 - Западен Дел А**

- Иницијатива бр.13-3019/1 од 08.04.2021 за ГП 5.29
- Иницијатива бр.13-3394/1 од 22.04.2021 за ГП 5.26
- Иницијатива бр.13-3416/1 од 07.04.2025 за ГП 12.30
- Иницијатива бр.13-2399/1 од 20.03.2023 за ГП 5.34
- Иницијатива бр.13-3752/1 од 02.05.2023 за ГП 29.3
- Иницијатива бр.13-9994/1 од 08.05.2023 за ГП 14.21
- Иницијатива бр.13-7801/1 од 12.09.2023 за ГП 17.8
- Иницијатива бр.13-9826/1 од 13.11.2023 за ГП 5.29
- Иницијатива бр.13/3994/2 од 08.05.2023 за ГП 14.21
- Иницијатива бр.13-4448/2 од 14.05.2024 за КП 8185

**ДУП нас. Драчево МЗ 71 - Западен Дел Б**

- Иницијатива бр.13-24961 од 19.03.2021 за ГП 46.27
- Иницијатива бр.13-3406/1 од 22.04.2021 за ГП 35.24
- Иницијатива бр.13-7214/1 од 22.08.2023 за ГП 41.6
- Иницијатива бр.13-3752/1 од 02.05.2023 за ГП 29.3

**ДУП блок Локален центар МЗ 71 – дел нас. Драчево**

- Иницијатива бр.13-3703/1 од 12.04.2022 за ГП 5.7

**ДУП Стакларница-Пинтија**

- Иницијатива бр.13-7324/1 од 01.08.2022 за ГП 6.4 и 6.4а

**ДУП за нас. ”Кисела Вода” МЗ 70, Локалитет 2**

- Иницијатива бр.13-8126/1 од 11.11.2020 за ГП 2.8
- Иницијатива бр.13-6597/1 од 07.07.2022 за ГП 7.1
- Иницијатива бр.13-7226/1 од 28.07.2022 за ГП 17.40
- Иницијатива бр.13-6314/1 од 04.07.2024 за ГП 2.94
- Иницијатива бр.13-3503/1 од 05.04.2024 за ГП 17.7
- Иницијатива бр.13-6314/1 од 04.07.2024 за ГП 1.9

**ДУП за Измена и дополна за нас. ”Кисела Вода” МЗ 70, Локалитет 2, Блок 9**

- Иницијатива бр.13-10344/1 од 18.11.2024 за ГП 3

**ДУП Локалитет Бирарија**

- Иницијатива бр.13-2156/1 од 09.03.2023 за ГП 4.26

**ДУП Градска Четврт Ј20 блок 01**

- Иницијатива бр.13-112/1 од 08.01.2025 за ГП 4.27.4
- Иницијатива бр.13-6207/1 од 24.06.2025 за ГП 2.94

**ДУП Градска Четврт Ј20 блок 07**

- Иницијатива бр.13-5328/1 од 27.07.2020 за ГП 2.28
- Иницијатива бр.13-5476/1 од 30.07.2020 за ГП 4.85
- Иницијатива бр.13-6926/1 од 28.09.2020 за ГП 6.14
- Иницијатива бр.13-9262/1 од 22.12.2020 за ГП 3.7
- Иницијатива бр.13-3848/1 од 07.05.2021 за ГП 4.86
- Иницијатива бр.13-6185/1 од 20.09.2021 за ГП 4.72
- Иницијатива бр.13-9968/1 од 26.11.2021 за ГП 4.87
- Иницијатива бр.13-2409/1 од 20.03.2023 за ГП 3.8 и ГП 13.4
- Иницијатива бр.13-2594/1 од 23.03.2023 за ГП 13.3 и ГП 13.4
- Иницијатива бр.13-5064/1 од 09.06.2023 за ГП 4.88
- Иницијатива бр.13-8986/1 од 19.10.2023 за ГП 3.7
- Иницијатива бр.13-4503/1 од 14.05.2024 за ГП 12.5
- Иницијатива бр.13-6797 од 01.07.2025 за ГП 16.1
- Иницијатива бр.13-7665 од 06.08.2025 за ГП 15.1
- Иницијатива бр.13-2594/1 од зѐа ГП 13.3 и ГП 13.4

**ДУП Локалитет “ФАБРИКА ОХИС”**

- Иницијатива бр.13-4583/1 од 09.05.2025 за ГП 14.01
- Иницијатива бр.112/1 од 08.01.2025 за ГП 4.2.74

## СЕКТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ, СПОРТ И КУЛТУРА

### 1.1. Проект: Награди за талентирани ученици

Проектот се реализираше преку доделување еднократна парична награда за талентираните ученици од повеќе области (уметност, наука, култура).

Наградени 215 талентирани ученици. Средства 1.000.000,00 денари

### 1.2. Проект: Награди за талентирани ученици – спортисти

Проектот се реализираше преку доделување еднократна парична награда за талентираните ученици од областа на спортот.

Наградени 225 талентирани ученици спортисти. Средства 1.000.000,00 денари

### 1.3. Проект: 05-ти Октомври – Светски ден на учителот доделени награди на најдобрите наставници и стручни соработници

Проектот се реализираше преку доделување награди за најдобриот одделенски, предметен наставник и стручен соработник од основните училиште на територија на општината.

Наградени 20 наставници и стручни соработници.

### 1.4. Проект Ден на мајчиниот јазик

Јавен литературен и ликовен конкурс за учениците од ООУ. Доделени дипломи, благодарници и книги.

### 1.5. Проект: Обезбедување на учениците и објектите на основните училишта

Проектот се реализира преку физичко и патролно обезбедување на објектите во основните училишта, просториите и подвижниот имот во овие објекти.

### 1.6. Проект: Ранче за прваче

Набавени ранчиња за секое прваче од основните училишта од Општина Кисела Вода.

Набавени вкупно 583 ранчиња. Средства 1.000.000,00 денари

### 1.7. Проект: Униформи за учениците од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода

Обезбедени униформи за сите 5400 ученици од 1 до 9 одделение од општинските основни училишта. Средства 8.500.000,00 денари

**1.8. Проект: Летен спортско едукативен камп за учениците од ООУ на територијата на Општина Кисела Вода**

Обезбеден бесплатен спортско едукативен камп во детското одморалиште Радости во Охрид за вкупно 140 ученици (спортисти и социјално ранлива категорија).

**1.9.Проект: Изградба на ново училиште во ООУ „Св.Климент Охридски", с.Драчево – Општина Кисела Вода**

**Реализација на проектот 2025/2026 година** (Одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ТА изградба на основни училишта во категорија 48 Капитални расходи во потпрограмата ТВ изградба на училишни спортски сали во категорија 48 Капитални расходи во Буџетот на Министерство за образование и наука за 2023 година).

1.10. **Проект: Спортска сала (затворено спортско игралиште) – подрачно училиште „Круме Кепески" – Припор**

**Реализација 2025/2026 година** (Договор за користење финансиски средства помеѓу Министерство за образование и наука и Општина Кисела Вода).

**1.11. Проект Доградба на ООУ „Невена Георгиева Дуња" – доградба на ООУ „Невена Георгиева Дуња" втор дел – адаптација и новопланиран партер.**

**Реализација 2025/2026 година** (Договор за користење финансиски средства помеѓу Министерство за образование и наука и Општина Кисела Вода).

**1.12.Проект доградба на ООУ „Кирил Пејчиновиќ" – Општина Кисела Вода.**

Договор за користење финансиски средства помеѓу Министерство за образование и наука и Општина Кисела Вода .

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КУЛТУРА

Кампања за свесно родителство во Дом на култура „Билјана Беличанец"-Општина Кисела Вода под слоганот „ Твоето срце е најдобриот родител разбуди го " – **спонзорство.**

*Театарска претстава„Зборовите болат повеќе од шамар" која се одржи во Домот на култура „Билјана Беличанец" и во Дом на култура во Драчево со учениците од 8 и 9 одделение- **спонзорство**

*Свечено отварање на Библиотека „13 Ноември“- подружница на библиотеката „Браќа Миладиновци“ сместена во Дом на култура„Билјана Беличанец“ со цел: доближување на културата до нашите читатели.

*Свечено откривање на бистата на Шандор Петефи во новоотворениот парк во Драчево со богата музичка програма во организација на КУД„Китка“ и Здружението на Унгарија во Македонија „Теледом“.

*Одржување на **Првата ликовна колонија** во Општина Кисела Вода со цел збогатување на културниот капацитет и потенцијал на Општината и збогатување со дела од реномирани автори кои ќе бидат изложени во домовите на култура во Општина Кисела Вода. Ликовната колонија се одржа во верско-рекреативниот центар Пеленица- **спонзорство**

*Предновогодишна забава, дочек на Нова година во Општина Кисела Вода под мотото„Скопска новогодишна приказна“-каде што жителите од сите возрасти имаа можност предновогодишно да се забавуваат со музика од различен жанр на музика, а најмалите уживаа во возбудливи претстави, во забавата со пантомимичарите, артистите и забавувачите. Сите присутни дечиња добија новогодишни пакетчиња.

*Возобновена културна манифестација по повод верскиот празник Богојавление. Започна со литија од црквата Св.Ѓорѓија, а заврши со фрлање на Светиот крст во осветените води на базенот. Најсреќниот фаќач на крстот беше награден од страна на градоначалникот и општествено одговорни компании - **спонзорство**

*Настан по повод 80 години кодификација на македонскиот јазик во Дом на култура„Билјана Беличанец“- **спонзорство**

*Настан по повод патрониот празник на Општина Кисела Вода, Ѓурѓовден-работилница, изложба, кино и театар – **спонзорство**

***„Skopje Street Food Festival“**- со цел да се подигне урбаната и гастрономската култура во Кисела Вода и Градот Скопје- спонзорство и кофинансирање од Општина Кисела Вода

* Музички спектакл и започнување на „Културно лето 2025“ и 70-от роденден на Општината под слоганот„Се на свое место“ со учество на различни македонски артисти и светска музичка ѕвезда. Четири вечери на уметнички и забавни настани наменети за различни целни групи низ општината на различни локации во Општина Кисела Вода: парк„Расадник“ и парк„Шопен“ и Крстот во населба Драчево.

*Реализиран Јавен повик за поддршка на културни работници, уметници и Здруженија кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во Општина Кисела Вода и на Град Скопје на кој беше доделена финансиска поддршка за 37 проекти кои ќе се реализираат на територија на Општина Кисела Вода.

*Поставување Спомен обележје- биста на народниот херој Цветан Димов по иницијатива на Здружение на пензионери на Кисела Вода, огранок„Цветан Димов“.

*Јавен оглас за издавање термини во кино сала во Дом на култура во Драчево за кино проекции.

* Од 21.08 до 24.08.2025 година во паркот „Македонија“ во соработка со „Кинотека-Македонија“ и Француски културен центар се одржа **Кино на отворено** со различни содржини: Вечер на „Киноверзум“, „Франкфонска вечер“ и „Македонска вечер-1 дел“ и „Македонска вечер-2 дел“ со филмови за различни возрасти - **спонзорство.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПОРТ

1. Се одржа проект атлетска трка – Трчам за Кисела Вода. Во неа учество во повеќе категории земаа преку 200 вљубеници на атлетиката. Манифестацијата се оддржа на Трим патеката во Кисела Вода.

2.Проектот- Спортска академија на Општина Кисела Вода е тековен низ целата година. Одделението за спорт ги снабди библиотеките на сите основни училишта кои се на територијата на Општината и библиотеката Браќа Миладиновци во културниот дом Билјана Беличанец со второто издание на авторизираната автобиографија - Дарко Панчев. Книгите се донација и со посвета на нашиот легендарен фудбалер Дарко Панчев.

3.Проектот – Спортуваме –Другаруваме, наменет за децата со посебни потреби се одржа во првата недела на декември во спортската сала на ДУРМОВ Димитар Влахов. Наградите за учесниците на манифестацијата - Гол Бол.

4.Проектот – Шаховска лига Кисела Вода, е наменет за граѓаните од месните заедници. Традиционално се одржува во малата сала на -Културниот дом Билјана Беличанец. Реализација на овој проект е последната недела на Ноември и Одделението за спорт го прави со помош на Шаховскиот Сојуз на Град Скопје.

5.Проектот - Избор на најдобрите спортисти на Општина Кисела Вода (Спортист на годината). Проектот се реализираше во Културниот дом Билјана Беличанец во втората половина на месец декември.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ

### 1. Обезбедување на материјали за работа

Во текот на годината се обезбедија потребните дидактички материјали и средства за работа наменети за децата во јавните детски градинки. Со оваа активност се овозможи подобрување на условите за работа, поттикнување на креативноста кај децата и унапредување на воспитно-образовниот процес.

### 2. Субвенционирање на целодневен престој

Со цел поддршка на семејствата во социјален ризик, Општината издвои средства за субвенционирање на целодневниот престој на деца во јавните детски градинки. Со оваа мерка се обезбеди еднаков пристап до предучилишното образование за децата од ранливите категории.

### 3. Финансиска поддршка за ангажирање на кадар

За непречено функционирање на воспитно-образовниот процес и навремено покривање на потребите од стручен и технички персонал, Општината обезбеди **36.000.000 денари** за привремено ангажирање на кадар во двете јавни детски градинки.

- ЈДГ„Весели Цветови„ дваесет и седум лица
- ЈДГ„8Март“ дваесет и девет лица.

### 4. Обезбедување на прочистувачи на воздух

Во текот на 2025 година, во двете јавни детски градинки на територијата на Општина Кисела Вода **се обезбедени прочистувачи на воздух во секоја занимална**. Оваа мерка има за цел подобрување на квалитетот на воздухот и создавање поздрави и побезбедни услови за престој и развој на децата.

### 6. Инвестиции во инфраструктура

Во тек е **изградба и доградба на нов објект** во склоп на постојниот објект „Расадник“ при ЈДГ „8 Март“, каде што ќе бидат згрижени **125 деца**, со вкупна вредност на проектот од **35.000.000 денари**.

Започната е **изградба на нов објект „Верверичка“** на површина од **512 м²**, со вкупна вредност од **14.159.912 денари**, од кои **6.000.000 денари** се донација од **Комерцијална банка АД – Скопје**, а **8.159.912 денари** се обезбедени од Општина Кисела Вода.

Извршена е и **преадаптација на просториите на месната заедница „Подстаница“** во нов објект во состав на ЈДГ „8 Март“, каде што ќе бидат згрижени **80 деца**.

7. ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ, ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА

Остварување на правото на партиципација како право за заштита на децата кај кои материјалната состојба на семејствата е нарушена поради претрпена природна непогода ( пожар, поплава, земјотрес и друго).

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД СЕКТОР ЗА МЕСНА САМОУПРАВА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**►Еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 01-01-2025 до 31-12-2025.**

**►Топлотен бран- Заштита и превенција на здравјето на граѓаните од високи температури во летниот период.**
**-Обезбедување на флаширана вода за период јули-август**
**-Обезбедување на гориво за возило на Црвен крст**
**-Инструктори по прва помош за период јули-август**
**- Торба за прва помош со медицински материјал**

**►Субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на општина Кисела Вода за купување на дрва за огрев.**

**►Еднократна финансиска помош за пензионери кои живеат на територија на Општина Кисела Вода.**

**►Социјална услуга "Итно копче" за жителите на општина Кисела Вода.**

**►Финансирање на проектна активност за посебен превоз на стари лица и лица со попречености во соработка со Црвен крст на Град Скопје.**

**► Финансиска поддршка за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б-Категорија Матуранти 2025 година.**